**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП1 Бр. 08-187**
**16.06.2023 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеја 10[1], а во врска со член 71 став 1 алинеи 17 и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.55/23), а во врска со поднесената Пријава, наш Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г., од страна на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, во согласност со Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, Уп1 бр.08-187 од 13.06.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-2414/2 од 15.06.2023 година, на 19-та седница одржана на 15.06.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје

**1.** СЕ ДОДЕЛУВА дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, со седиште на Бул.„Партизански одреди" бр.99, 1000 Скопје.

Радио програмскиот сервис од ставот 1 на оваа точка ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 106.5 MHz[2].

**2.** Дозволата за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво Скопје, наведена во точка 1. на оваа Одлука, се доделува за временски период од 9 (девет) години и истата не може да се пренесува на друго лице.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.248/18).

[2] Согласно Одговорот од Агенцијата за електронски комуникации на РСМ по барање информација за слободна фреквенција за емитување на радио програма на регионално ниво на подрачјето на град Скопје, арх.бр.0805-217/2 од 25.01.2023 г. (наш арх.бр.08-223/4 од 31.01.2023 г.), доставените начелни технички параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Скопје подлежат на промени (можните промени се од техничка природа и подразбираат мерења на лице место од страна на АЕК).

**3.** По приемот на оваа Одлука за доделување на дозвола, кандидатот на конкурсот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, на кој му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, треба да регистрира непрофитна радиодифузна установа во соодветниот регистар, согласно член 77 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Непрофитната радиодифузна установа, која ќе биде основана од кандидатот на конкурсот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, ќе плаќа годишен надоместок за дозволата на сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата. Начинот на пресметка, фактурирање и наплата на надоместокот за дозволата ги утврдува Агенцијата согласно член 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и согласно Правилникот за процедурите на финансиското и сметководственото работење на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр.185/14), Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите („Службен весник на РМ“, бр.172/14) и Правилникот за подрачјата на емитување на телевизиски и радио програми („Службен весник на РМ“, бр.172/14).

**4.** Агенцијата за електронски комуникации врз основа на дозволата за радио емитување со користење на радиофреквенции издава одобрение за користење на радиофреквенции согласно со Законот за електронските комуникации.

За користење на радиофреквенциите, се плаќа годишен надоместок согласно Законот за електронските комуникации и Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции, на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ („Службен весник на РМ“, бр.192/21), на сметка на Агенцијата за електронски комуникации за секоја тековна година однапред почнувајќи од датумот на важењето на одобрението за користење на радиофреквенции.

**5.** Непрофитната радиодифузна установа, која ќе биде основана од кандидатот на конкурсот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, на кое му е доделена дозволата од точка 1. на оваа Одлука, се обврзува да започне со вршење на дејноста на 02.10.2023 г.

Во случај на непочитување на рокот за започнување со вршење на дејноста наведен во ставот 1 на оваа точка од Одлуката, Агенцијата ќе ја одземе доделената дозвола пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери.

**6.** Правното лице, наведено во точка 1 на оваа Одлука, на кое му е доделена дозволата за радио емитување е должно во целост да ги исполнува условите и барањата на кои се обврзало во Пријавата при конкурирањето.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе изврши стручен надзор во рок од 30 (триесет) дена од истекот на триесеттиот ден од денот на започнувањето со вршење на дејноста утврден во дозволата за радио емитување, а само заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со дозволата за радио емитување.

**7.** За оваа Одлука писмено ќе се извести учесникот на Јавниот конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, како единствен учесник на овој јавен конкурс, во рок од 7 (седум) дена од денот на донесувањето на одлуката.

**8.** Оваа Одлука е конечна и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 69 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за програмскиот сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс

како што се радиофреквенции, Агенцијата ја доделува дозволата за радио емитување по пат на јавен конкурс.

Агенцијата согласно член 70 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесува одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување, по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, во согласност со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, како и во согласност со Студијата на начин и постапка утврдени во член 70 од напред цитираниот Закон.

Советот на Агенцијата донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво, УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.55/23), врз основа на Писменото барање за доделување на дозвола за непрофитно студентско радио, од правното лице Приватната високообразовна установа Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје (со сегашен назив Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје), за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје, арх.бр.03-10/1 од 13.01.2023 г. (наш арх.бр.08-223/1 од 13.01.2023 г.), Известувањето доставено од Агенцијата за електронски комуникации на РСМ во врска со добивање информација за можна слободна радиофреквенција во регионот на градот Скопје, арх.бр.0805-217/2 од 25.01.2023 г. (наш арх.бр.08-223/4 од 31.01.2023 г.), а во согласност со изработената Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на регионално ниво, на подрачјето на Скопје, наш арх.бр.03-987/1 од 03.03.2023 г.

Краен рок за доставување на пријави за учество на јавниот конкурс беше до 15.05.2023 г. односно кандидатите на конкурсот требаше да поднесат пријава во рок од 60 (шеесет) дена, сметано од првиот нареден ден од денот на објавувањето на одлуката во Службен весник на РСМ. Заклучно до 15.05.2023 г. (крајниот рок за доставување на пријави), до Агенцијата беше доставена 1 (една) Пријава со придружна документација за учество на наведениот јавен конкурс од страна на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје (Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.).

Јавното отворање на доставената Пријава за учество на предметниот јавен конкурс од горенаведениот кандидат, се одржа 1 (една) недела по истекот на рокот за поднесување на пријавите, односно на 22.05.2023 г., со што поднесената пријава беше разгледувана од аспект на тоа дали истата е уредна, навремена и комплетна, односно дали ги содржи сите документи утврдени во член 73 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кои се однесуваат за кандидат - правно лице, за кое се водеше Записник од јавното отворање (Уп1 бр.08-187) од 22.05.2023 г.

Во периодот од 23.05.2023 г. до 12.06.2023 г., од страна на надлежните сектори во Агенцијата се пристапи кон оценување на поднесената Пријава по предметниот јавен конкурс (Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г.) поднесена од страна на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје. Доставената Пријава во утврдениот рок беше оценувана од страна на надлежните сектори во Агенцијата, според критериумите за оценување утврдени во табелата во точка 5 од Одлуката УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје. Секторот за програмски работи ги оцени критериумите од точка 1, точка 2, точка 3, точка 4 и точка 7 од табелата; Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права го оцени критериумот од точка 5 од табелата; Секторот за финансии и логистика го оцени критериумот од точка 9 од табелата и Секторот за информатичка поддршка и општи работи ги оцени критериумите од точка 6, точка 8 и точка 10 од табелата.

Беше констатирано дека поднесената Пријава Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г. од кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје е уредна и се пристапи кон оценување и бодување на истата. Па така, Секторот за програмски работи во придонесот доставен на 30.05.2023 г., констатираше дека Пријавата на кандидатот е уредна од програмски аспект и пристапи кон понатамошно нејзино бодување, и тоа во: точка 1 од табелата – *Предвидена застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер (in-house production) во текот на неделата и продукција на македонски аудио дела*, како образложение за

исполнување на критериумот наведе дека станува збор за 100% програма произведена од страна на самиот радиодифузер (говорен дел), како и дека предвидената застапеност на програма произведена од страна на самиот радиодифузер е 100% колку што е и траењето на говорниот дел од програмата (11 часа); точка 2 од табелата - _Квалитет, жанровска и тематска разновидност на содржините_, како образложение за исполнување на критериумот наведе дека во говорниот дел од програмата е прикажано дека ќе бидат застапени 5 (пет) видови програми коишто исполнуваат информативна, образовна и забавна функција; точка 3 од табелата - _Застапеност на програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура_, како образложение за исполнување на критериумот наведе дека планирано е да се емитуваат 16 часови програми годишно со кои ќе се поттикнува развој и зачувување на националната култура, како и дека планираната застапеност на вокална и/или вокално инструментална музика на македонски јазик во текот на денот е 50%; точка 4 од табелата - _Застапеност на информации и содржини од значење за целната група од подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис, во текот на неделата_, како образложение за исполнување на критериумот наведе дека прикажаната застапеност на информации и содржини од значење за целната група од подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис, во текот на неделата, во говорниот дел од програмата е 4 часа и 30 минути; како и точка 7 од табелата - _Понудено време на дневно емитувана програма_, како образложение за исполнување на критериумот наведе дека дневно е планирано да се емитуваат по 12 часа програма.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права во придонесот доставен на 31.05.2023 г. во однос на уредноста на Пријавата констатираше дека во точка 1.2. од Пријавата – _Податоци за основачот/ите на правното лице (доколку правното лице е основано од друго правно лице да се наведат податоци за основачите и на тоа правно лице, се додека не се дојде до физичко лице)_, не се наведени податоци за физичкото лице кое е сопственик на кандидатот – Универзитетот Скопје, меѓутоа по извршена проверка во Централен регистар на РСМ, констатирано е дека единствен основач на Фондацијата за образовни интереси Колумбо која е основач на Универзитетот Скопје е физичкото лице Аце Миленковски кое ја дало потребната Изјава заверена на нотар дека кандидатот не ги прекршува одредбите од Глава IV од ЗАВМУ. Исто така, Секторот констатираше дека Пријавата на кандидатот ги исполнува минималните кадровски услови предвидени во член 9 став 3 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3747/1 од 06.10.2022 г. и како образложение за исполнување на критериумот наведе дека согласно Пријавата, во радиодифузерот ќе бидат ангажирани вкупно 7 лица, од кои 5 како новинари со ВСС, при што пристапи кон понатамошно нејзино бодување во точка 5 од табелата - _Бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста (најмалку 5 вработени, од кои 3 новинари со ВСС)_. Воедно од страна на Секторот извршена е проверка во Централен регистар на РСМ и констатирано е дека не постојат законски пречки за да му биде доделена дозвола за радио емитување на Универзитетот Скопје.

Секторот за финансии и логистика во придонесите доставени на 31.05.2023 г. и на 12.06.2023 г. констатираше дека доставената документација во Пријавата на кандидатот – правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје во однос на финансиски аспект е комплетна, има доставено Бизнис план во кој е содржан и предвидениот Финансиски план на радиото за наредните 3 (три) години, како понудени гаранции за финансиска способност за остварување на дејноста има доставено недвижен имот во сопственост на подносителот, со извршена проценка од овластен проценител и писмо за намера од деловна банка, а воедно подносителот има доставено и Биланс на состојба и податоци од билансот на успех за 2020 г., 2021 г. и 2022 г. при што пристапи кон понатамошно бодување на пријавата во точка 9 од табелата - _Финансиската способност за остварување на дејноста и понудени гаранции._

Секторот за информатичка поддршка и општи работи во придонесите доставени на 30.05.2023 г. и на 07.06.2023 г. констатираше дека Пријавата на кандидатот – правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје е уредна и комплетна и пристапи кон понатамошно нејзино бодување, и тоа во: точка 6 од табелата - _Технички услови за производство на програмите,_ како образложение за исполнување на критериумот наведе дека во Образецот бр.2 каде се пополнуваат податоци за техничките услови за производство на програмите кандидатот ги исполнил минималните

технички услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, како и доставил технички проект кој е составен дел на конкурсната документација, точка 8 од табелата - *Просторни услови за вршење на дејноста,* како образложение за исполнување на критериумот наведе дека во истиот Образец бр.2 каде се пополнуваат податоци за просторните услови за вршење на дејноста, кандидатот ги исполнил минималните просторни услови во согласност со Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и точка 10 од табелата - *Понуден рок на започнување со вршење на дејноста,* како образложение за исполнување на критериумот наведе дека кандидатот во пријавата како рок на започнување со вршење на дејноста го навел 02.10.2023 г., што значи над 3 (три) месеци од денот на издавање на дозволата.

Врз основа на извршеното оценување и бодување на пријавата за учество на јавниот конкурс на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, вкупниот број на доделени бодови се утврди дека изнесува 98 бода, како што е наведено во Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, Уп1 бр.08-187 од 13.06.2023 г. и беше констатирано дека Пријавата Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г., поднесена од страна на единствениот кандидат, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, ги исполнува условите утврдени во јавниот конкурс согласно Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. („Службен весник на РСМ“ бр.55/23).

Заради правилно утврдување на фактите при донесување на одлуката за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, односно за да се утврди дали постојат законски пречки на подносителот на Пријавата да му се додели дозвола за радио емитување, Агенцијата на 30.05.2023 г. и на 31.05.2023 г. преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на РСМ обезбеди документи од кои е видно на кои трговски друштва се јавува како основач/сопственик правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, Фондацијата за образовни интереси Колумбо Скопје и физичкото лице Аце Миленковски, и тоа: „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти – тековна состојба“ бр.0820-50/150020230140065 од 30.05.2023 г., бр.0820-50/150020230141437 од 31.05.2023 г., бр.0820-50/150020230141421 од 31.05.2023 г., бр.0820-50/150020230141415 од 31.05.2023 г., бр.0820-50/150020230140067 од 30.05.2023 г., бр.0820-50/150020230141424 од 31.05.2023 г., бр.0820-50/150020230141428 од 31.05.2023 г. Дополнително од Регистарот на вистински сопственици на Централниот регистар на РСМ Агенцијата на 30.05.2023 г. и на 31.05.2023 г. ги обезбеди следните документи, и тоа: Тековна состојба на вистински сопственици на субјект Република Северна Македонија – Приватна високообразовна установа Универзитет Скопје Скопје, бр.2005-50/150020230140053 од 30.05.2023 г. и Тековна состојба на вистински сопственици на субјект Фондацијата за образовни интереси Колумбо Скопје, бр.2005-50/150020230141377 од 31.05.2023 г. Од проверката беше констатирано дека не се прекршуваат одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, Уп1 бр.08-187 од 13.06.2023 г., Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-187 од 14.06.2023 г., за донесување одлука за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, наменет за студентската популација, на македонски јазик, на регионално ниво, зона на распределба D1 Црн Врв – подрачје на регионално ниво Скопје (град Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште), на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, со седиште на Бул.„Партизански одреди“ бр.99, 1000 Скопје.

Врз основа на сето погоре наведено, Советот на Агенцијата врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 71 став 1 алинеи 17

и 18 и член 75 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 15 став 1 алинеја 2, член 39 став 1 алинеја 10 и член 51 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по спроведувањето на Јавниот конкурс за доделување на 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.55/23), а во врска со поднесената Пријава, наш Уп1 бр.08-187 од 15.05.2023 г., од страна на кандидатот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје, во согласност со Извештајот од оценување на поднесената пријава за учество на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа, на регионално ниво Скопје, Уп1 бр.08-187 од 13.06.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-2414/2 од 15.06.2023 г., на 19-та седница одржана на 15.06.2023 г., донесе Одлука како во диспозитивот, која е конечна и по нејзиното донесување ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Учесникот на Конкурсот за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на непрофитна радиодифузна установа на регионално ниво Скопје, објавен врз основа на Одлуката на Агенцијата за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-96 од 09.03.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.55/23), доколку е незадоволен од Одлуката, има право во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на истата да поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**
- учесник на конкурсот, правното лице Приватна високообразовна установа Универзитет СКОПЈЕ – Скопје;
- Агенцијата за електронски комуникации;
- Директорот на Агенцијата/овластеното лице кое го заменува;
- сите сектори/служба во Агенцијата и
- назначените лица за водење на Уписникот за предметите по првостепената постапка во Агенцијата (Уп1).